**20160180550**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 36-б став 8 од Законот за инвалидски организации („Службен весник на Република Македонија“ бр.89/08, 59/12, 23/13 и 150/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за правно лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за одговорното лице во правно лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-577/1<br>
26 јануари 2016 година<br>
Скопје

Министер<br>
за труд и социјална политика,<br>
д-р **Фросина Ташевска - Ременски,** с.р.

**Прилог бр.1**

Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Број:
Датум год. во часот

Врз основа на член 36 став 1 и член 36-б од Законот инвалидски организации, овластеното лице за вршење на надзор ____________________ издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
## ( за правно лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Назив | Даночен број |
| Седиште | Жиро сметка и деловна банка |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ КАЈ РАБОТОДАВАЧ-ПРАВНО ЛИЦЕ |
|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум,место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на лична карта/патна исправа | Датум и место на издавање | Орган кој ја издал |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |

| | |
|---|---|
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95 уплатна сметка 840 --- ( општина каде се уплаќа) приходна шифра 05327 програма 72213000 со цел на дознака уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до овластеното лице за вршење на надзор. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното лице за вршење на надзор поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

| Сторител на прекршокот | Овластено лице за вршење на надзор |
|---|---|
| ______________________ | ______________________ |
| Име и презиме и своерачен потпис | Име и презиме и своерачен потпис |

МП

Прилог бр.2

Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Број:
Датум год. во часот

Врз основа на член 36 став 2 и член 36-б од Законот инвалидски организации, овластеното лице за вршење на надзор ______________________________ издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
### ( за одговорно лице во правното лице)

Име и презиме ____________________________________________________________

Единствен матичен број на одговорното лице во правното лице _____________________________________________________

Адреса__________________________________________________________________________________________

Број и датум на издавање на личната карта/ патна исправа _____________________________________________________________________________

Податоци за правното лице,
Назив__________________________________________________________________________
Седиште_______________________________________________________________________
Единствен Даночен број_______________________________________________________

Опис на прекршокот, ___________________________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________

Место и време на сторување на прекршокот ______________________________________________________________________________

Правна квалификација на прекршокот_____________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________

Записник за сторен прекршок ______________________________________________________________________________

да плати глоба во износ од _________ евра во денарска противвредност на образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95 со уплатна сметка 840 ---- (општина каде се уплаќа) – 05327 приходна шифра и програма 72213000 во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог.

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави

доказ за извршената уплата до овластеното лице за вршење на надзор. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното лице за вршење на надзор поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

| Сторител на прекршокот | Овластено лице за вршење на надзор |
| --- | --- |
| _________________________ | _________________________ |
| Име и презиме и своерачен потпис | Име и презиме и своерачен потпис |

МП